МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, Скопје

ДЕНОВИ НА ШПАНСКИОТ ФИЛМ 21 - 27.05.92

---

---

ТЕМНА НОЌ (1989)

Карлос Саура

Св. Јован, поет, иден светец и реформатор на црквата е затворен во манастирот на Кармелитите во Толедо. Годината е 1577, а овој виток, нежен, но тврдоглав калуѓер заедно со Св. Тереза штотуку ја започна револуцијата што ќе ги потресе темелите на еклесијастичката градба во Шпанија - реформата на Кармелитите.

Кармелитите остро одговорија на барањата на овие двајца светци. Во името на Редот, Игуманот и Брат Херонимо Тостадо, Генералот - Визитор, го прогласува Јован виновен за непокорност и непослушност и го осудува на неодреден период затвор, на само вода и леб само за да го скршни неговиот отпор.

Сепак, Брат Јован во својата ќелија резигнирано го издржува секојдневното мачење така разбеснувајќи го Игуманот. Неговита отвореност и добра волја му ја даваат силата да ги победи своите заробувачи. Неговиот стражар му носи мастило и хартија и станува верен слушател на приказните на светецот.

---

---

ВРЕМЕ НА ТИШИНАТА (1986)

Висенте Аранда

Приказната се случува кон крајот на четириесеттите и почетокот на педесеттите. Тоа време на бројките, кога работите се случуваат речиси молчешкум, кога човекот на улица е виновен освен ако не се прогласи за невин, и кој живее во "слобода" во која секој негов чекор се набљудува.

Муекас, кој живее во сиротињска четврт, одгледува ставорци за трето - класна лабораторија. Педро, доктор без јасна иднина, спроведува бескорисни експерименти врз заморчиња, и тоа без никакви изгледи освен будалестата надеж дека неговата идиосинкретичка шпанска генијалност ќе го одведе до некое откритие што за другите краишта на светот е незамисливо. Дорита, ќерка и внука на жени во чии фрустрации се огледуваат историските и националните промашувања, се надева дека ќе се омажи од љубов. Флорита, ќерка на Муекас, молчејќи ги трпи сексуалните злоставувања на сопствениот татко. Картучо, прзник со само една идеја во главата, го бара лекот за својата огорченост и повредената машка гордост.

Ова се времиња на молкот, но длабоко долу незадржливи сили тивко делуваат. Животот, амбицијата, потребата за љубов, сексуалната желба, копнежот по слободата татнат под површината. Социјалните притисоци се како тупаница која гуши се што стиснала, водејќи ги ликовите во ситуација која ги обединува збрканоста, грешноста и апсурдот. Неподносливата секојдневна драма ги трансформира овие суштества во дисиденти против политиката на наметнат мир и ред.

АРАПИТЕ И ХРИСТИЈАНИТЕ (1987)

Луис Гарсиа Берланга

Нечесната конкуренција во големита индустрија за нугат - која троши милиони за реклами - ја доведува малечката фирма "Планчадел и Калабуиг", која се уште ја употребува традиционалната техника, до работ на банкротство. Наспроти мислењето на патријархот Дон Фердинандо Планчадел, основач на овој семеен концерн се држи до принципот дека на добрата стока не и треба реклама, неговите синови Агустин и Пепе решија да ги вложат своите скромни акции во промовирање на нивните производи на саемот за храна во Мадрид. Некој ги беше убедил дека свеченоста ќе ја отвори Принцот, па браќата беа убедени дека ќе само едно парче од нивниот нугат им подарат на Нивното Височество, нивните производи ќе станат секојдневна потреба кога ќе се појават на вечерните вести.
И така главата на семејството патува од Хиона до Мадрид придружен од своите синови и нивниот братучед Марсиал Калабуиг. Во Мадрид исто така живее вдовицата со политички амбиции Куки, ќерка на Дон Фернандо, која ги разубедува од идејата да го употребат Принцот за своите цели, па ги запознава со Лопез, нејзин советник за друштвени односи. На крајот на краиштата, ако Лопез може да и обезбеди место во Парламентот, сигурно ќе може да смисли нешто како да продадат повеќе нугат?

МОРЕ И ВРЕМЕ (1989)

Фернандо Фернан Гомез

Мадрид, пролетта, 1968. Ова е портрет на едно мало семејство: мајката која го отфрла животот, барајќи засолниште во кревет; нејзиниот син Еузебио, главен келнер во еден скромен ресторан и неговите две ќерки; прогресивната и прагматична Чус која штотуку се омажила, и идеалистката Мер. Тие се само едни од многубројните губитници од граѓанската војна. Најлошото од се, тие го загубиле брат му на Еузебио, Хезуз, политички избеглица во Аргентина. Приказната почнува истиот ден кога Хезуз се враќа во потрага по нешто недефинирано; можеби по работа во која ќе се пронајде како шпански граѓанин, можеби пак, само сака повторно да зачекори по улиците на своето детство или пак едвај чека да ја сретне Марсела, која е разделена од својот маж, неговиот брат Еузебио, а со која тој во младоста имаше врска. Но ништо веќе не е како порано. Мадрид му се открива во сите свои модерни бои, загаденоста, забрзаноста и стресот, скапотијата која е поголема од она во Буенос Аирес. Марсела која сега веќе не е убава млада жена, станала алкохоличарка додека нејзиното семејство, некои од нив неурамнотежени некои премлади, се група туѓинци која тој веќе не може да ја сфати.

27 ЧАСА (1986)

Essay Мончо Армендарис

Ова се 27 часа од животот на тројца млади адолесценти, Хон и неговите пријатели Маите и Пачи; тие се во Баскија, но приказната може да се случува каде било.

Во 7 часот наутро Хон се буди и оди до докот. Таму го сретнува Пачи. Овој му помага на Хон да украде гајба риби, што Хон подоцна ја продава по ниска цена.

Балконот на куќата на Маите гледа накај морето. Хон може да види дека во собата на девојката има некој. Тоа е Рафа. Маите вели дека тоа е неизбежно. Подоцна, Маите и Хон го подготвуваат првиот "фикс" за тој ден. Понатаму, Хон оди да бара работа. Го пропешачува градот и низ прозорецот ги гледа лицата на мајка си и сестра си и силуетата од татко си. Повторно ја бара Маите и двајцата пак поминуваат низ ритуалот на уште еден "фикс".

Попладнето, тројцата пријатели со бротче одат на еден остров за да уживаат. Но она што ќе се случи на островото ни оддалеку не личи на уживање, туку на трагедија што ќе ги обележи за цел живот.

ВОЈНАТА НА ЛУДИТЕ (1987)

Мануел Матхи

Шпанија, почеток на август, 1936. Искористувајќи ја збрката која настана со избувнувањето на граѓанската војна Ангел со уште четворица свои цимери успева да побегне од лудницата во која беа затворени. Несмасно се најдоа во срцето на планините Толедо, област во која локалниот тиранин Дон Салвадор врши крвава репресија со субверзивни елемнити. Во истата област водачот на бандата од револуционерни анархисти Ел Рубио, се крие во планините подготвувајќи го својот бунт против Дон Салвадор за да му се одмазди за сите недела.
Во истата оваа планина луѓето на Ел Рубио се сретнуваат со налудничавите бегалци од лудницата. Едно фатално недоразбирање ќе ги донесе во редовите на бандата, а овој сојуз што го наметнаа ветриштата на војната ќе има несогледиви последици по сите нив.

---

---

КУЌАТА МОРА ДА СЕ ЗАТВОРИ (1986)

Хозе Луис Гарсиа Санчез

Ана, која што живее во Париз, се враќа во родниот град Гвадалахара за да го сподели со сестра си Лаура наследството од родителите, пред се една, стара куќа во центарот на градот. Ана го имаше напуштено градот кога нејзиниот татко се обиде да ја одведе во

во интернат само за да ја оддели од нејзиното момче кое очигледно имаше модерни идеи. Таа патуваше по светот, притоа имајќи неколку љубовни врски. Во моментот таа живее во Париз со еден невработен психоаналитичар кој преживува со тоа што на улиците глуми пантомима. Лаура, која одбира буржоаски стил на живеење, се мажи за своето прво момче и живее во Мадрид. Таа има две деца на адолесцентна возраст.

Со нив е и Рамон, невработен хомосексуален свештеник кој треба да им помогне да се затвори куќата. Рамон го доведува и својот пријател Фрутос. За време на поделбата на наследството сестрите евоцираат спомени од минатото и сите личности кои минале низ нивните животи.

Низ приказната откриваме дека ниту сестрата буржујка ниту наводно "ослободенара" сестра постигнале емоционална стабилност или нешто налик на среќа. И двете се враќаат на својот секојдневен живот како на почетокот на филмот.